# FOREVER

N. MACEDONIA

Август 2021 | Број 238



## REX MAUGHAN – ЗАСЕКОГАШ ВО НАШИТЕ СРЦА

## ПОНЕКОГАШ ТРЕБА ДА СЕ ИСКЛУЧИТЕ, ЗА ПОВТОРНО ДА СЕ ПОВРЗЕТЕ

Gregg Maughan

## REX MAUGHAN – ИЗВОНРЕДЕН ПРИМЕР ЗА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ

Стефан и Тања Стаеви



# Понекогаш треба да се исклучите, за повторно да се поврзете



**Неодамна со Синтија ги јававме коњите низ шумите на северна Аризона. Тоа место е посебно за мене. И татко ми Рекс исто го сакаше и затоа сè уште го поседуваме ресортот Мормон лејк.**

Јавањето коњи во областа која му носи толку многу радост на нашето семејство ме потсети колку е важно да одделиме време за себе на омилено место и со луѓе кои ги сакаме. Сите имаме потреба од таков мир во животот. Сепак, понекогаш сме толку зафатени со работа што забораваме  колку е важно да си ги дадеме тие моменти на мир и тишина.

Знам дека кога работите во вашиот бизнис забрзуваат, се чини дека сè останато на светот е во втор план. Воодушевени сте и горите од желба да ги споделите производите и бизнис можноста со луѓето кои навистина можат да имаат корист од Форевер. Ја разбирам и сакам таа енергија. Таа е една од работите кои нè дефинираат и нè поврзуваат низ светот, посветени  на идејата да го подобриме животот на колку е можно повеќе луѓе!

Но исто така знам дека не можеш да галопираш со часови. Треба да застануваш од време на време, да го оставиш коњот да попасе, додека ти уживаш во светот наоколу и живееш во тековниот момент. И со вашиот бизнис е истото. Не можете само да галопирате, бидејќи ќе прегорите.

Клучот е во балансот. Тоа што сте дел од Форевер ви дава сериозна предност што многу луѓе ја немаат – слободата да живеете во баланс. Не го земајте тоа здраво за готово.

Размислете што ви носи најголема радост. Можеби е патување, планинарење или да седите крај прозорец со книга во рака во дождовен ден. Одделете време за себе. Знам дека може да е тешко да се исклучите и да ви се чини дека времето кое си го посветувате можете да го користите за да го градите бизнисот.

Но не е така. Вистината е дека кога си одделувате лично време, вашиот бизнис зајакнува повеќе. Бидејќи на овој начин одржувате хармонија со работите кои ви носат радост во животот. Вие се заземјувате, ја распалувате креативноста и ги полните батериите за да можете да се вратите на вашиот Форевер бизнис со обновена енергија и решителност.

Така дури и да не сте во чекор со вашите планови, верувајте ми, заслужувате миг на одмор. Одморете сè, дајте сѝ време да ги наполните батериите. Вратете сè за ден-два освежени и подготвени фокусирано да се справите со планираното. Понекогаш способноста да се „исклучуваме“ е точно тоа што нѝ треба за да се опоравиме и да продолжиме самоуверено напред по патот кон успехот.

**Продолжете со насмевките,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс




# Rex Maughan – засекогаш во нашите срца

На 17 јули 2021 год. нè напушти REX MAUGHAN – човекот кој го создаде Форевер Ливинг Продактс пред повеќе од 43 години и со фирмата го промени на подобро животот на безброј луѓе во целиот свет. Си замина голем човек, сакан од илјадници на кои бескрајно ќе нѝ недостасува и засекогаш ќе остане во нашите срца. Иако некои од вас не го познаваа лично, неговата инспирација и мисија да им помага на луѓето е видлива насекаде во Форевер. А сите кои имаа чест да се сретнат со него низ годините знаат колку големо беше неговото срце и каков прекрасен впечаток оставаше кај секого.

И иако многу нè боли загубата на Рекс, ако сè уште беше помеѓу нас, тој би нѝ кажал дека дури и во тешките времиња треба да продолжуваме напред. Нема подобар начин да го одржиме сеќавањето за него од тоа да продолжиме да го надградуваме наследството кое тој го остави и да продолжиме да го подобруваме животот на луѓето околу нас.

Десетици илјади ширум светот ја споделија својата тага за смртта на Рекс на социјалните мрежи, а компанијата создаде посебна страница на која секој може да ги сподели своите спомени и доживувања со овој неверојатен човек. Ако имате лична историја со него, фотографија или видео кои сакате да ги споделите со семејството Maughan, можете тоа да го направите на адреса bit.ly/RexForever.

**Овде споделуваме сосем мал дел од љубовта и благодарноста на Форевер семејството кон незаборавниот Rex.**

Среќни сме што го познававме! Тој го промени нашиот живот и животот на илјадници луѓе околу нас. Ќе остане ЗАСЕКОГАШ во нашите срца. Почивај во мир, Рекс!

***Стефан и Тања Стаеви, генерални директори на Форевер Бугарија и С. Македонија***

Честопати велиме дека Рекс ги смени нашите животи на подобро. Вистината е дека тој не го промени самиот, туку ги создаде условите и ги инспирираше луѓето кои се вклучија во Форевер сами да си го променат животот! Им даде сила и можност, обезбедувајќи бизнис концепција и ги мотивираше со својата мудрост и начин на размислување.

Оваа фотографија е направена при официјалното отварање на Forever Direct – логистички центар кој опслужува над 90 држави од 2013 год. Настанот беше незаборавен во историјата на компанијата. Нѝ претстојат уште многу такви важни моменти ако продолжиме да работиме напорно во духот и со менталитетот на Рекс. Благодарение на Рекс мојот живот и животот на моето семејство се промени и ние ќе му бидеме вечно благодарни за дадената можност. Ќе се сеќаваме со љубов, #RexForever

***Питер Бутс, Потпретседател на Форевер за Европа, и семејството***




Благодарение на Рекс и на неговата визија која го промени светот, имавме можност да ја доживееме најубавата авантура во животот – да сме дел од семејството на Форевер речиси 18 години. Сето ова време ние не ја доживувавме работата како корпоративна или канцелариска служба, туку се чувствувавме како деца во семејство кои растат и треба да преземат поголеми одговорности под нежната грижа и водство на омилените родители. Нема причина да не ја сакаме нашата работа и да не сме посветени на компанијата, бидејќи отсекогаш сме чувствувале грижа и внимание кон сè што ние и нашиот тим прави. Компанијата нѝ е изградена врз љубов и е водена од љубов. И тоа е можно единствено благодарение на бескрајното човекољубие на Рекс. Тој ќе остане во нашите срца. Засекогаш.

***Јоланта Баушиене и Кестат Баушис,***
***генерални директори на Форевер Балтик***

Бог да го прости! Рекс остави неизбришливи траги на овој свет! Го допре и го смени на подобро животот на милиони луѓе на Земјата. Никој до кого стигнала неговата благородна филозофија нема да заборави со каков човек се сретнал во својот живот! Почивај во мир, Учителе!

***Ирена Спасова, Сениор Менаџер***

Почитуван Рекс, секоја средба со тебе, секој разменет збор е жив во нас, ти си жив во нашите срца и во срцата на милионите луѓе на кои им даде радост и среќа. Ти си голем хуманист и легенда во добротворството.

Нека е вечна славата за сè што создаде во твојот живот и во кое и ние имавме чест и среќа да сме дел.

***Вечно благодарни Вероника и Стеван Ломјански,***
***Менаџери „Дијамант“ и семејството***

Жалам што не успав да се сретнам и запознаам со него лично, но сепак ја чувствував неговата огромна грижа и голема љубов за сите. За мене беше како втор татко, несебично давајќи на секој од нас подеднакво. Без разлика кој од каде е, секој има едни исти права. Нема никаква дискриминација, што е од големо значење, бидејќи за жал таа е секојдневие во останатите сфери. Засекогаш ќе му бидам благодарна, бидејќи со неговата визија и мисија тој го промени мојот живот, ме промени мене самата. Поклон до земјата, голем човеку!

***Македонка Петровска, Менаџер***

Во 2002-та Рекс ја купи 120-годишната зграда на Медицинскиот институт „Чај Тонг“ во Сингапур. Таа е национален споменик и меѓу првите регистрирани добротворни организации кои даваат бесплатна медицинска нега на секој што има потреба. Реставрацијата траеше скоро две години, а Рекс многу ја сакаше убавата архитектура, но најмногу ја сакаше намената на зградата да им помага на сите.

***CG Tan, генерален директор на Форевер Малезија***

Бог да го прости! Рекс остави неизбришливи траги на овој свет! Го допре и го смени животот на подобро на милиони луѓе на Земјата. Никој до кого достигнала неговата благородна филозофија нема да заборави со каков човек се сретнал во својот живот!

Нè научи на толкава човечност, нѝ даде можност на нас најмалите и обични луѓе да живееме необичен живот. Почивај во мир! Поклон пред твојот ум, Рекс!!!

***Елена Брестничка, Менаџер***



# Rex Maughan – извонреден пример за достоинствен живот

Во јули целиот Форевер свет се потресе од веста за смртта на Rex Maughan – основачот на нашата компанија. Бран од тага и сочувство преплави милиони луѓе во светот, кои допреле на некој начин до неговата личност. Тажното чувство за загубата се настани и во нашите души. Убедени сме дека тоа што се случи не остави рамнодушен никого од вас, без оглед дали сте се сретнале лично со Рекс, или не. Во такви шокантни моменти, нѝ се чини дека е природно да застанеме за миг, да се смириме и да се навратиме на спомените. Размислуваме за значењето, за трагата која ја оставаме зад нас, за начинот на кој избираме да го изминеме краткиот земен пат. Личната рамнотежа воопшто не е лесна, но секој од нас има свое чувство и посебно чувство, кога ќе изгуби важен човек во својот живот. За нас Рекс е извонреден пример за достоинствен живот, кој остави длабока трага.

Тоа го видовме и на социјалните мрежи на сите Форевер канцеларии во светот, каде сопственици на Форевер бизнис споделуваа драги спомени и благодарност кон Човекот со големо „Ч". Секој збор кој го дефинираше Рекс, содржеше исклучително силна порака – за ЧОВЕШТИНАТА која тој ја поседуваше. Еве само мал дел од нив:

- Легендарна личност
- Учител
- Вистински човек
- Херој
- Исклучителна личност
- Исполнет со љубов
- Го помнеше името на секој кој го запозна
- Го слушаше секого многу внимателно
- Покажуваше почит кон секого
- Најдобриот човек
- Се грижеше за сите во неговиот живот

И за нас Рекс беше вистинско олицетворение на зборот ЧОВЕШТИНА во неговата поширока смисла. Пребарајте на интернет дефиниција за ЧОВЕШТИНА и сами ќе се уверите дека тој е колективна слика за неа. Најкратката и суштинска дефиниција за ЧОВЕШТИНА е „свесна љубов кон останатите човечки суштества" – шест збора кои безусловно го опишуваат Рекс.

Ние имавме чест и задоволство да го познаваме лично и непосредно да се увериме дека тој го претвори човекољубието, емпатијата и толерантноста во основна движечка сила на нашата компанија. Никогаш нема да го заборавиме неговото мото „Моќта на Форевер е моќта на љубовта!" Трагата која Rex Maughan ја остави врз животот на толку многу луѓе во светот е навистина значајна и неизбришлива од времето. Да продолжиме да ги следиме неговите стапки и исто да оставиме позитивен белег зад себе!

Секогаш со вас,

**Стефан и Тања Стаеви**
Генерални директори на Форевер Бугарија и С. Македонија

# Бидете подготвени за летните авантури

Летото е во својот полн ек и ако сѐ уште не сте заминале на одмор ви даваме предлог кои производи на Форевер да ги понесете со себе.




## Forever Active Pro-B

Секоја промена на средината е предизвик за организмот, особено на системот за варење на храната. Затоа е пожелно да се користат пробиотици и додека сте на годишен одмор.

## Aloe Sunscreen

Производ со свиленкаста текстура кој брзо се впива во кожата и ја хидрира со стабилизиран гел од алое вера. Aloe Sunscreen се нанесува пред да бидете изложени на сонце.  Препорачливо е да го нанесувате на секои два часа, бидејќи истиот делумно се отстранува после капење, од потење и бришење со пешкир.

## Aloe First

По долгиот ден под жешките сончеви зраци и кожата и косата имаат потреба од навлажнување, смирување и потхранување. Овој мултифункционален спреј од алое вера, пчелен прополис и одбрани билки е лесен за нанесување и многу ефикасен.

## Aloe Vera Gelly

Мултифункционален гел кој смирува и разладува, апсолутно задолжителен за секој одмор на море или езеро. Идеален е за после плажа, бидејќи ја ублажува иритацијата и чувствителната кожа.

## Aloe Lips

Хидратацијата на вашите усни може да ја одржувате со балсамот за усни со алое и јојоба.

## Aloe Ever-Shield Deodorant Stick

Нашиот сув дезодоранс ќе ви пружи долготрајна заштита која нема да ја иритира вашата кожа. Лесно се нанесува и не остава траги на облеката.

## FAB/FABX

Природните енергетски пијалоци содржат патентирана комбинација од билки и хранливи материи, меѓу кои и витамините Б 6 и Б 12. Одлични се за брз наплив на енергија и имаат долготрајно дејство.



# СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

Раскажувањето на својата приказна е важен дел од градењето на бизнис. Што ве мотивира? Како Форевер ви помага да ги постигнете целите? Како го менувате животот? Споделувањето на овие работи е одличен начин да се поврзете со истомисленици кои можат да станат клиенти или дел од вашиот тим.

**Изборот на социјални платформи зависи од тоа каква содржина најчесто ќе споделувате – видеа, фотографии, линкови и текстови и до кого сакате да допрете. Одберете една до три апликации со кои ќе бидете ангажирани. Откријте во што сте најдобри и фокусирајте сè на тие платформи за да извлечете максимум.**

Еве пример како може да направите мешавина од содржини што ќе ви помогне да изградите силен, стабилен бизнис.



## 20% НАЧИН НА ЖИВОТ

Содржината на начинот треба да се фокусира на вашите вредности и вашиот живот ден-за-ден. Дали вашиот бизнис ви дава слобода да останете дома со вашите деца? Еднаш неделно објавувајте нешто забавно што можете да направите со нив благодарение на оваа слобода. Имате дополнително трошење пари? Споделете ги вашите планови за одмор или доживување од одморот.



## 20% ПРОИЗВОД

Споделувањето на производите е во основата на вашиот бизнис. Поканете ги луѓето да научат за производите кои ги сакате. Направете го тоа лично и внимавајте да не ја отуѓите вашата публика со чести обиди за продавање. Кога објавувате, споделувајте го вашето искуство со производите, наместо само да објавувате за предностите од нивната употреба.



## 20% БИЗНИС

Вашиот Форевер бизнис ви дава можност да работите од каде било и да го градите со своја брзина. Споделете ја уникатноста на вашиот бизнис и Форевер бизнис можноста со вашите следбеници. Можете да објавувате еднаш неделно за регистрација на нов член во вашиот тим или за работата од дома. Покажете (не ѝ кажувајте) на вашата публика како вашиот бизнис е интересен и вреднуван и охрабрете ја да научи повеќе.



## 20% ПРИЗНАНИЕ

Вашиот Форевер тим е круг на луѓе кои не се само ваша поддршка офлајн, туку и поддршка на интернет. Прославете ги меѓусебно достигнувањата и покажете му на светот како градите тим каде се вреднува сечиј труд. Овој дел од вашата стратегија има за цел да им покаже на луѓето дека поддржувате други и вашиот бизнис ви помага на вас и луѓето околу вас да ги постигнете целите.



## 20% АНГАЖИРАЊЕ

Овој дел од содржината е “Запознавање со мене”. Вашите социјални профили не се билборди каде објавувате едносмерни содржини, туку се заедница каде луѓето чувствуваат дека може да се ангажираат и да учат од вас. Секогаш бидете сигурни дека на следбениците им нудите или ги учите нешто што ќе ги натера да се вратат. Ангажирањето со вашата публика е клучно за да ги заинтересирате за вас. Објавувајте прашање еднаш неделно што ќе ги натера следбениците да го споделат или да се вклучат во дискусија. Ова може да иницира разговор и интерес да споделите производ или бизнис можноста.

# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУНИ 2021 ГОДИНА

## МЕНАЏЕР



Асипи Мимоза

## АСИСТЕНТ МЕНАЏЕР



Садики Шенгил

## СУПЕРВИЗОР



Прокиќ Маргарита
Ристевски Горан

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОР



1. Адеми Амза
2. Ајдари Егзона
3. Алил Нуртен
4. Андоновска Виолета
5. Анѓелкова Владанка
6. Бајрами Џемаил
7. Бајрами Мевлуде
8. Бедија Идриз
9. Бериша Јета
10. Бериша Садете
11. Богев Љупчо
12. Богоевска Весна
13. Бојаџиоска Маја
14. Божиновски Игор
15. Валкановска Наташа
16. Вејсели Елмедине
17. Велески Велибор
18. Весели Рамије
19. Волкановска Атанасовска Павлинка
20. Гегиќ Азра
21. Грковска Елена
22. Груби Елмедина
23. Даут Емине
24. Делиовска Бранкица
25. Ефремовска Билјана
26. Здравковски Бојан
27. Илиевска Марија
28. Илиевски Драган
29. Илијева Деспина
30. Илиоска Злата
31. Исеини Фатиме
32. Исмаиловска Небахат
33. Иванова Рената
34. Ивановски Томе
35. Ивковска Фани
36. Јованова Беличев Јадранка
37. Јованова Душица
38. Каранфилоска Моника
39. Кастрати Ибрахим
40. Кмет Клаудија
41. Крстев Дејан
42. Лесковица Фидает
43. Мамути Дренуше
44. Мамути Фердес
45. Масевска Елизабета
46. Мибера Алији
47. Михајлова Силвана
48. Мирчева Александра
49. Мирчевска Ирена
50. Муладаути Суеда
51. Муртезани Муабере
52. Муслиу Леонора
53. Неделковска Валентина
54. Неделковски Никола
55. Недева Калина
56. Ничевски Љубиша
57. Нусран Фера
58. Огненоска Дијана
59. Османи Силвете
60. Паризов Аце
61. Проева Весна
62. Реџепи Луљета
63. Сејди Магбуље
64. Сејди Заиде
65. Сејдиу Илфет
66. Спасова Наташа
67. Стојанова Зорица
68. Стојановска Наталија
69. Стојчевска Христина
70. Стојчевска Јасмина
71. Сулимани Фарије
72. Тодоровска Маја
73. Томовски Марјан
74. Топали Фатлуме
75. Трајковска Сузана
76. Тургелова Јадранка
77. Фетаи Рукије
78. Хоти Хава
79. Цветкоски Васка
80. Цурева Елена
81. Чупи Реџија
82. Џони Аида

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 2**




Реџепи Нуртен

**Клуб 4 – ниво 3**




Палева Лидија


facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like


## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Гелевска Роза | 1. Ќаили Гете |
| 2. Ќаили Гете | 2. Гелевска Елена |
| 3. Гелевска Елена | 3. Асипи Мимоза |
| 4. Донакова Славица | 4. Алексовска Мери |
| 5. Златковска Вера | 5. Садики Шенгил |
| 6. Асипи Мимоза | 6. Гелевска Роза |
| 7. Алили Ахмеди Узлифет | 7. Златковска Вера |
| 8. Трајчевска Катерина | 8. Донакова Славица |
| 9. Алексовска Мери | 9. Кајтазова Босилка |
| 10. Садики Шенгил | 10. Сулејмани Солидар |


**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk



Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.


## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.